Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖБЕ[Н ЛИСТ]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Сабота, 4 август 1979
БЕЛГРАД
БРОЈ 39 ГОД. XXXV

Цена на овој број е 3 динари. — Претплатата за 1979 година изнесува 500 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650 155; Уредништво 651 855; Служба за претплата 651 732; Комерцијален сектор 631 671; Телекс 11756

**643.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78 и 26/79), Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 11/77, 30/77, 62/77, 10/78, 16/78, 41/78, 42/78, 7/79, 19/79, 23/79, 24/79, 33/79 и 35/79), по член 1б се додава нов член 1в, кој гласи:

„На прометот на сурово кафе се плаќа основен данок на промет на производи по стапка од 87,90%, а на прометот на пржено и мелено кафе и екстракт на кафе — по стапка од 88,36%.

Одредбите од забелешката кон тар. број 9 на Тарифата, се применуваат и врз прометот на производите од овој член.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 724
3 август 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**644.**

Врз основа на член 34 став 4 од Законот за основите на кредитниот и банкарскиот систем („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/71), Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ

Член 1

Во Уредбата за општите услови за давање потрошувачки кредити („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/77, 24/78 и 14/79) во член 7 став 2 бројот: „10%“ се заменува со бројот: „15%“.

Став 3 се менува и гласи:

„По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, корисникот на кредитот полага во готови пари најмалку:

1) 10% — од височината на одобрениот кредит — за купување на шпорети и печки на цврсти горива;

2) 22% — од височината на одобрениот кредит — за купување на фрижидери, замрзнувачи, бојлери, машини за перење и сушење рубелина, радиоприемници (моно), телевизиски приемници (во црнобела техника), леани и лимени кади за бањи и леани и лимени санитарни уреди;

3) 30% — од височината на одобрениот кредит — за купување на мебел и градежна столарија (врати и прозорци);

4) 45% — од височината на одобрениот кредит — за купување на телевизиски приемници во боја, радиоприемници (стерео), електрични грамофони, магнетофони, машини за перење и сушење на садови и градежен материјал;

5) 67% — од височината на одобрениот кредит — за купување на автомобили;

6) 75% — од височината на одобрениот кредит — за купување на цемент, производи од цемент, бетонски челик и валана жица.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 723
3 август 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**645.**

Врз основа на член 31 став 1, во врска со чл. 16 и 28 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. За производите чии цени се во надлежност на федерацијата, а за кои според важечките прописи беше овозможено формирање на цените во производството или во прометот според условите на пазарот, како максимални цени се определуваат цените на тие производи што постоеле на 3 август 1979 година.

2. За услугите на организациите на здружен труд, чии цени се во надлежност на федерацијата, како максимални цени се определуваат цените на тие услуги што постоеле на 3 август 1979 година.

Одредбата од став 1 на оваа точка се однесува и на другите трошоци што при формирањето на цените на услугите во прометот се засметуваат како зависни трошоци.

3. Учеството за покритие на трошоците на прометот на организациите на здружен труд што се занимаваат со увоз, со промет на големо или на мало на производи (во натамошниот текст: прометни организации), чии цени се во надлежност на федерацијата, се максимира во износот што постоел, според важечките прописи, на 3 август 1979 година.

Кога на производителските организации на здружен труд ќе им се овозможи зголемување на цените за определен производ, прометната организација при формирањето на своите продажни цени за тој производ не може за покритие на своето учество во учеството за покритие на трошоците на прометот да засмета поголем апсолутен износ од оној што на тој производ се засметувал на 3 август 1979 година.

4. За производите чии цени се во надлежност на федерацијата, а за кои според важечките прописи е овозможено формирање на цените во производството или во прометот со примена на механизмот од општествен договор односно на самоуправна спогодба или по пат на спогодба за промена на затечените цени, се задржуваат цените на тие производи кај организациите на здружен труд на нивото што постоело на 3 август 1979 година.

5. Цените од точ. 1 до 4 на оваа одлука можат, по исклучок, да се менуваат со согласност на надлежниот орган на федерацијата, што тој ја дава во соработка со надлежните републички и покраински органи.

6. Поблиски прописи за спроведување на точ. 1 до 4 од оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот завод за цени.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 725
3 август 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 646.

Врз основа на член 72 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1979 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на органите на федерацијата и за потребите за остварување на правата и должностите на федерацијата за 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/79) по точка 7 се додава нова точка 7а, која гласи:

„7а. Корисниците на девизи можат да користат девизи до износите утврдени во Распоредот на девизите за 1979 година, намалени за 10%.

Намалувањето од став 1 на оваа точка се однесува на следните корисници на девизи, односно на следните плаќања на одделни корисници на девизи:

— Кабинетот на Претседателот на Републиката;

— обврските за котизации;

— исплатите на личните доходи на дипломатско-конзуларниот персонал, како и на персоналот на другите корисници што имаат претставништва, односно дописништва во странство и на исплатата за закупнини за просториите на дипломатско-конзуларните и други претставништва и дописништва;

— стоковните плаќања за потребите на Сојузниот секретаријат за народна одбрана;

— стоковните плаќања на сојузните државни органи за кои веќе постојат договори и платени аванси, односно отворени акредитиви;

— распоредните девизни средства за потребите на материјалните резерви на федерацијата."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 726
3 август 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 647.

Врз основа на член 244 од Уставот на СФРЈ, во согласност со Резолуцијата за политиката на остварувањето на општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78) и со Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини се согласија за спроведувањето на политиката на цените во 1979 година и склучија

# ДОГОВОР

## ЗА ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА ЦЕНИТЕ ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Во Договорот за спроведувањето на политиката на цените во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/79) член 2 се менува и гласи:

„Учесниците на овој договор во рамките на своите надлежности се обврзуваат дека до 3 август 1979 година ќе донесат соодветни прописи за максимирање, односно за здружување на цените на затеченото ниво, за производите и услугите од својата надлежност и тоа: за максимирање на цените на услугите, за максимирање на учеството за покритие на трошоците на прометот содржани во продажните цени, за максимирање на цените на трошоците што при формирањето на цените на услугите во прометот се засметуваат како зависни трошоци, за определување на максималните цени за производите и услугите што се формираат според условите на пазарот, за задржување на цените на затеченото ниво — цените формирани со механизмите од општествените договори односно од самоурпавните спогодби, или од спогодбите за промена на затечените цени; како и други прописи што ќе ги оценат како потребни за спроведување на заклучоците на Собранието на СФРЈ, на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини.

Промените на цените што се така максимирани, односно затечени се вршат во соработка на федерацијата, републиките и автономните покраини.

При постигањето на соработка за промените на цените, учесниците на овој договр се обврзуваат дека ќе водат сметка за разликите во порастот на цените во републиките и автономните покраини.

Учесниците на овој договор се обврзуваат дека најдоцна до 30 септември 1979 година ќе ги утврдат критериумите за селективни промени на цените на производите и услугите од својата надлежност."

Член 2

Во член 6 став 1 се менува и гласи:

„Во согласност со утврдената политика на стабилизацијата, учесниците на овој договор ќе обезбедат растежот на производителските цени во индустријата, во декември 1979 година, во однос на декември 1978 година, да се движи најмногу до 18%."

Член 3

Член 7 се менува и гласи:

„Учесниците на овој договор се согласни цените на производителите на индустриски производи од надлежноста на републиките и автономните покраини во 1979 година, да растат до 13%."

Член 4

Во член 9 став 1 се менува и гласи:

„Учесниците на овој договор се согласни производителските цени за земјоделски производи во декември 1979 година, во однос на декември 1978 година, да растат до 18%."

Член 5

Во член 11 став 1 се менува и гласи:

„Учесниците на овој договор се согласни цените на услугите од надлежноста на сите општествено-политички заедници да растат до 17%."

Член 6

Член 18 се менува и гласи:

„Тргнувајќи од преземените обврски на учесниците на овој договор да не се пречекорат со Резолуцијата предвидените рамки на порастот на цените за индустриските и земјоделските производи и на растежот на цените за услугите, како и од други околности од влијание врз растежот на цените на мало, учесниците на овој договор треба да обезбедат растежот на цените на мало и на животните трошоци, во декември 1979 година, спрема декември 1978 година, да не биде повисок од 19%."

Член 7

Овој договор ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

3 август 1979 година
Белград

За Сојузниот извршен совет
**Борис Шнудерл,** с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина
д-р **Лејниќ Шемсудин,** с. р.
член на Извршниот совет

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
**Дургут Едиповски,** с. р.
член на Извршниот совет

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија,
**Штефан Корошец,** с. р.
член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за пазар и цени

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија,
**Иштван Бердал,** с. р.
член на Извршниот совет

За Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска
**Богдан Јанков,** с. р.
заменик-републички секретар за пазар и цени

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора
**Милутин Јовиќевиќ,** с. р.
член на Извршниот совет

За Извршниот совет на Собранието на САП Војводина,
**Ленке** мр **Бертон,** с. р.
покраински секретар за следење на стопанските движења, на пазарот и цените

За Извршниот совет на Собранието на САП Косово,
**Вехбија Хајредини,** с. р.
член на Советот и покраински секретар за пазар и цени

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од сојузните органи и организации

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СА ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Тодоровиќ Зелика Војо;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СА ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Врхунец Винка Марко;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Раичевиќ Станище Јован;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Вујовиќ Милутина Радмила, Вукојчиќ Живојина Радослав;

Од СР Босна и Херцеговина

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Бабиќ Стевана Никола;

Од СР Црна Гора

— по повод 70-годишнината на постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

— Индустрија грађевинског материјала „Рачица" — Тиват;

— по повод 30-годишнината на работата, а за заслуги и постигнати успеси во развивањето на културно-забавнист живот во својот крај

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Културно-уметничко друштво „Слога", Ѓеновиќи — Херцег-Нови;

Од СР Србија

—по повод стогодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси во образованието и воспитувањето на младите и за значаен придонес кон ширењето на просветата и културата во својот крај

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Гимназија „Стеван Сремац" — Ниш;

— по повод 30-годишнината на работата, а за особени заслуги и исклучителни успеси во проектирањето и изградбата на крупни инвестициони објекти во земјата и во странство и за голем придонес кон афирмацијата на југословенското градежништво во светот

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

— Грађевинско предузеће „Напред" — Нови Београд;

— по повод 25-годишнината од излегувањето, а за особени заслуги во информирањето на југословенските иселеници за социјалистичкиот развој и достигањата на нашата земја, за негување на братството и единството и патриотизмот, како и за придонес кон развивањето на пријателски односи помеѓу новата и старата татковина

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Илустрована ревија „Завичај" — Белград;

— по повод 25-годишнината на работата, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Хемиска индустрија „Невена" — Лесковац;

— по повод 30-годишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси во развојот на геолошко-рударските истражувања и во изградбата на капитални објекти во земјата и во странство

Радна организација за истражне и консолидационе радове „Геосонда" — Белград;

— по повод 30-годишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Трикотажа „Олга Милошевиќ" — Смедеревска Паланка;

—по повод 70-годишнината на животот, а за вонредни успеси во научноистражувачката работа во областа на физичката хемија и атомската физика и за значаен придонес кон развојот и угледот на југословенската наука кај нас и во светот, како и за заслуги во образованието на научни кадри и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Савиќ Петра Павле;

— по повод 60-годишнината на животот и долгогодишна револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Видиќ Танасија Добривоје;

— по повод 70-годишнината на животот и долгогодишна револуционерна работа, а за извонредни литературни дела што ја збогатија југословенската книжевност, како и за придонесот кон општиот развиток и зацврстување на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Давичо Ниџе Оскар;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Радовановиќ Љубомира Милан;

Од САП Косово

— по повод 60-годишнината на животот и долгогодишна револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Нимани Шукри Џавид.

Бр. 152
20 декември 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 643. | Уредба за дополнение на Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи — — | 1253 |
| 644. | Уредба за измена на Уредбата за општите услови за давање потрошувачки кредити — — — — — — — — — | 1253 |
| 645. | Одлука за определување на максималните цени за производи и услуги — — — | 1253 |
| 646. | Одлука за дополнение на Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на органите на федерацијата и за потребите за остварување на правата и должностите на федерацијата за 1979 година — — — — — — — — — | 1254 |
| 647. | Договор за измени на Договорот за спроведувањето на политиката на цените во 1979 година — — — — — — — — — | 1254 |
| | Одликувања — — — — — — — — — — | 1255 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**